АНТОНИО МИТРИЌЕСКИ



# ПРОСТОРИ

АНТОНИО МИТРИЌЕСКИ

# ПРОСТОРИ

*ЕДИЦИЈА*
СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ПОЕЗИЈА

*Уредник*
Веле Смилевски

*Дизајн на корица*
Живко Атанасов

© ДИЈАЛОГ
ЗДРУЖЕНИЕ ЗА УМЕТНОСТ

И КУЛТУРА НА ЖИВЕЕЊЕ, 2024

*Изданието финансиски го помогна Министерството за култура на Република Северна Македонија*

**АНТОНИО МИТРИЌЕСКИ**

# ПРОСТОРИ

ДИЈАЛОГ

## САРАЈ

*на татко ми Боро и мајка ми Маруше*

Моето детство е Сарај
Од куќата до самопослугата и назад
Од кривината на реката Треска
Каде што секогаш бевме во вода и назад
Моето детство е Сарај
Од куќата каде што секогаш бевме боси покрај ѓумовите
заедно со децата на комшиите
Беше празник на големо братство меѓу децата
Во тие денови татко ми Боро се смееше со задоволство
Куќата пред која се исправаат планини на кањонот Матка
Куќата каде што дождот е пороен и постојано нè
накиснува паѓајќи од стреата
И ја калосува земјата по која треба да поминам
Раскажа некој грмотевиците влегувале преку каминот
направен од рацете
на татко ми, па се држев понастрана од него
Куќата каде што сè изникна диво, едноставно,
незавршено и природно
Куќата каде што се враќам на неколку минути
Како корен што се доближува до влагата за да ги пушти
своите зелени лисја
Со желба кон височините
За да го помирисам мирисот на скулптурите што го
Запреа и го одбележаа времето
Куќата што остана длабоко во мене со целата
мистика и едноставност
На сите силуети што внатре си ги искажале чувствата
Во собите каде што ги носевме првите девојки и се
учевме да бидеме добри љубовници

Каде што снимавме и цртавме
Каде што висат слики на сенките на нашите дедовци
Каде што се создадовме и ги носиме спомените
во прекуокеанските
Земји за да пробаме таму да ги оставиме
Каде што треба да се сменат цревата за полевање
на цвеќиња во бањите
И гостите да се обучат да извршат нужда
Куќата што носи корени на почетоците на ова парче земја
Втемелена во историјата на антиквитетот
Каде што секогаш е празнично братство за присутните

# СМРТТА НА ВЕЧНОСТА

Што е душа во сенилноста?
Што е душа во младоста?

Ој грмотевици, отворете го небото да нѐ спаси душата!

Грмотевици, ајде отворете ги хоризонтите со своите
мечеви да го видам езерото!

Ѕвезди, пуштете ги своите солзи!
Ветришта, зачукајте со вашите камбани и запејте
со вашите хорови...
Оставете траги во времето!

Слепци, вие што рековте дека не можете, ајде, прогледајте
прифаќајки го минатото на овој простор.

Планино, отвори се
тргни ја тежината над езерово!
Галичице, помести се
и заживеј ја вечноста
да го видам зад хоризонтот идниот ден...

Пишувам за тебе, простору мој... Земјо моја!

Простор што не можам да го променам и напуштам,
вртлогу мој...

Каде е твојата моќ.
и со врзани раце имаше сила!

Ти не правиш врева.
Тивко воздивнуваш
пуштајќи ги реките да те галат по кожата.

Искасапен простору мој.
Душо што ми си доволна.

Што е душата на иднината?
Каде беше таа во минатото?
Без одговори, молчиш
иако ги спои сенките на заборавените предци
да ни дадеш живот во вечноста.

Простору мој.

# СÈ ДО КРАЈОТ НА ВРЕМЕТО

Чекорам, иако душата
може и да лета,
да нè поврзе
и во добро и во лошо.

Чекорам со напор
кон иднината
заглавен во минатото.

Чекорам по калдрмата,
по прашливиот пат,
по стрмното планинско патче,
кај што само за козите е проодно.

Чекорам, продолжувајќи со моите скриени вредности.
Со сите мои грешки,
скршен,
со весел чекор,
со неповрзан идентитет.

Чекорам, сè до крајот на времето.

## ЧЕКОРИ

Премногу одење
по моите патишта

Премногу чекори
од моите нозе

# ЗБОРОТ

Ајде, ослободи се, збору мој,
прозборувај ја душата.

Реченото воопшто не е наше,
ние сме неми.

Зборот не е од овој свет,
како и тоновите на ехото..

Конечно е сè, збору мој...
Тајната е што се споивме во вечноста!
Во длабочините на езерото
за кое пишувам во моите стихови.
Во водата.
Во одблесокот на гранките
и маглата што се крева.

Ќе остане само Вечноста на зборот,
невидлив, напишан на рушевините.
Со товарот во торбичето
во кое сето свое си го носиме
да, сите си го носиме на нашите рамења.

Ќе остане само зборот.
Добриот збор и блиските имиња.

Ајде ослободи се,
прозборувај.
Водата од езерото сите нè поврзува.
Маглата е крената.

Влези во себе
во моето езеро.
Колку поврзувања што ги игнорираме
има во таа длабочина.

Сите сме езеро,
и мирно и бурно
од кај што излегува зборот
и ги поврзуваме душите
за да станеме вечни поврзани.

Го слушнав и твојот глас
од длабочината.
Беше светол и вистинит.
Беше твојот збор.
Шепотеше.
Тивко.
Прекрасно.

## ОСВОЈУВАЧ

Појака од Марс,
ја осветли мојата галаксија
повеќе и од најсветлата ѕвезда
за западот да го проодам
виден низ неголемиот микроскоп.

Скриена и загледана
го освои движењето на мојата патека,
а јас мала планета со златни кратери.

Телото мое го освои
и воздухот на мојот здив!

Го освои мојот ден,
будењето на мојата зрелост.

# ДЕВОЛУЦИЈА

Нешто внатре во земјата копа,
јаде.

Црвите се без воздух
бараат здив во почвата.
Заситени пори
Хемикалии раскопуваат.

Ја чеша нешто почвата,
ја гризе.
Не дава да ја работат, толчат.
Не може да ја издржи ниту годината.

Не давај се, мајко!
Не скиселувај се!

Нешто внатре во земјата не може.
Длабочината не чини,
гнило е јадрото. Умира, не спие,
нешто внатре во земјата копа.
Јаде.
Се нема каде.

Нешто внатре во земјата ја натера  да заспие,
да се повлече,
занеме.
Молк, оти и зборовите
станаа алгоритми
во деволуцијата.

Но, нешто внатре во космосот има свест,
сака да има живот.

Нешто внатре. Сè до крајот на времето.

## КУЌАТА ВО ВЕЛЕСТОВО

Вистинска куќа
поставена среде планината,
со векови стара,
камена ѕидина...

Куќа од која никаде не се излегува,
ниту влегува.

Дом без врати,
за сонцето да се одбие...

Сенките беа бледи и проѕирни,
душите мирно спијат
и не излегуваат од големиот оџак.

Дури жртвен овен беше соѕидан во темелите.

Вистински дом беше тој
поставен среде планината Галичица.

Во вселената, а долу езерото...

Како да се лета од воздушен брод
на бесконечниот вселенски лет.

Пукнатините на ѕидот беа неми,
но го впиваа секој чекор.

Исчекори во сонот од штурчето што
беше сместено во левиот џеб од кошулата.

По зајдисонцето можеше
и пукотници да се слушнат.

Отаде од зад врвовите,
од зад Магаро.

Здрава руина беше тоа, замок,
издржа векови.

Одблесоците не се задржуваа во таа куќа,
бегаа без воздишки.

Некои ретко и се вдомуваа.

Дење бевме мирни,
а ноќите на штрек
чекајќи ги вековните војски,
кои тука бараа мир.

Ангелите нѐ чуваат за да издржиме
во нашиот непокор.

## БЕГСТВО

Тој бега,
таа бега
јас бегам.

Секој бега од секого.

Пушти ме да избегам.

Бегавме кон формите на облаците на небото.
Бегавме кон жарот црвен на земјата.

Бегавме спроти ветровите.
Во шумите.

Бегавме нагоре.
Бегавме надолу.

Бегавме и паѓавме,
трчавме.
Некој наваму, некој натаму.
По сонце и дожд.

Бегавме од болести.

Трчавме оставајќи го лошото зад  себе.
Болката зад нас.

## РАЗГОВОР СО ВАМПИРОТ

Започна младиот месец,
свиреп и бавен.

Сенки од ветер и гранки,

болна душа
зрачи низ просторот.

Воздишки и размисли
од душите што преговараат
помешани со
шум на вода...

Тагата на донаторот изусти „Жената беше вампир“
и полека исчезна за се да наполни со позитивна енергија.

Само возвишени сенки како казна за несреќните судбини.

Гранките се доближија до прозорците.
Ветерот ги ниша  звуците во бавен ритам.

Молби и простувања.
Живна духот што беше прикован за креветот.
Стана, прочекори за да јаде, пие и живее за другите.
Чекорите исчезнаа во ехото на ходникот.
Ветерот се намали,
енергетското насилство престана
и чекорите се повратија:
„Зарем не умре?“, праша.

Во тишината почна новата ноќ, прва четвртина.
Духот се фрли на подот,
ги гризеше рацете,
испушташе животински крици.
Потоа стана како да ништо не се случило.

Полн месец.
Раните беа зараснати.
Духот лукав и злобен вампир.
Енергетски манипулации и конфликти.

Ветерот повторно се врати, пискаше.
Гранките заиграа.
Стаклената тишина се скрши.

Помина и последната четвртина од месечевата мена.
Полето се расцути со изливи на чувство.
Ехото немо и незабележливо се одбиваше од просторот.
Прашината падна на предметите.
Молкот ја прекина енергетска врска помеѓу него и духот.
Душата се смири без бурни реакции,
празна и мрачна.
Од немањето внимание.
Од простувањето.

Зајдисонце.
Ветер одново.
Дивите костени покажаа
интерес за животот.

Бес.

Месечината се мачеше да излезе.
Сепак пушти помош..
Вампирот демнеше пред зграда,
на своето старо место.
Тлото се откорна, посеаното се исуши.
Му посака се најубаво и тој замина.
Мисли и зборови.
Ѕвездите шепотеа
дека сите ќе работиме по заслуга.

Тајниот свет се ширеше надвор од видливото.
Вампирите се меѓу нас,
го грабаат просторот на светот, сите јавни места.
Непознати болести.

Дожд почна, летен но груб.
Ја задржа сета радост во својата душа.
Небото се отвори.
Птиците долетаа.
Сонцето изгреа.
Западот и истокот се осветлија.
Голем убав свет.
Радост го исполни просторот.

Со кренатата глава научи да управува со својата судбина.
Не беше играчка за другите луѓе.
Ги управуваше своите чувства.

Љубов и радост.
Дрвјата процутеа.
Цвеќињата се издолжија.
И тој процвета во својот енергетски баланс.
Ги отвори ширум прозорците и вратите.
Некоја фина енергија полека влегуваше
во густиот простор.
Опседнатоста исчезна.
Прашината од подот се крена.
Мачката влезе, спокојно легна на подот, се протегна
оставајќи ги птиците слободно да се бакнуваат
на балконот,
само радосно предење се слушаше во лесната енергија.
Тушот ја исплакна нечистотијата.
Светилката самата се запали.
Немаше реакции  оти трпењето и молчењето
станаа смешни.
Не се разбесна,
ја извојува победата.
Ги прекрсти прстите и извика: „КРВОПИЈО,
БЕГАЈ ПОДАЛЕКУ ОД МЕНЕ!“
Љубовта и нежноста дојдоа.

# ШТУРЦИ

Ова лето најтопло во историјата по
завивањето на штурците.

Едно зло со друго се врзува.
Небото се затвори како врел вршник околу
планинскиот двор.
Се вртев наоколу барајќи ги изворите
на исконските звуци што преминуваа во пријатна музика.

Ова лето е неподносливо.
Но тие уживаа
во својот ѕвезден дом
повторно родени.

Ги пуштав долги да растат
гранките од брезите во дворот,
раце што ме вардеа од прегратката на сонцето.

Остави ги штурците да пеат,
шепотев за себе
барајќи ја нивната сетна мелодија.

Умот одговараше на мојот шепот:
„Музиката им е прегласна и без паузи“

Барам да ги видам тие вешто скриени музичари,
барем да им ја видам положбата на хорот.
Со тром чекор вратам циклично.
Онаму, ваму.

Ме заплашуваат ли со песна?
Дали ме гледаат од далечина?
Дали ме пцујат или молат за  прошка?

Не се опираат.

Дали тажат?
Или се веселат
на зраците од сонцето
што се пробиваат
упорно низ гранките
и се прелеваат.

Ги замолив и да замолчат...
не сакаат,
пеат упорно во космосот.
Ниту тажно ниту весело,
сега спроти зраците...
Бескрајниот простор ги мами,
а тие на жолтиот мек
балкански килим
со опасни штитови
пред своите срца.

Продолжив и во ноќта да ги слушам,
во неизмерната тишина
песната ја свиреа уште погласно
и хорот беше поголем.
Бесмислената поезија ми го зајакна сонот,
ме смири.
И тие се навикнаа на мене.
Се менуваа,
доаѓаа и подобри музичари
кога крилјата нивни ќе им се закрвавеа
од премногу триење.
Оперските диви ги повикуваа мажјаците.

Тие ја одбраа оваа акустична сала,
сала што им беше како стаклен оклоп
каде што се чувствуваа безбедно.

## ОНИРИЧЕН ПРОСТОР

*На Стефи*

Влезен бев во тој простор
од кај што тешко се излегува.
Во тие слики, симболи неповрзани чајки
да ги поврзам во алката на разбирањето.

Влезен бев во твојот простор
за да ги гледам твоите сништа
и да ја земам контролата на твоите движења.

Опседнат бев од твојот простор
сакајќи да направам ред во својата душа.

Се будам испотен
и ја гледам само сенката твоја како излегува...

Немир и болка
Радост и страв

Влезен сум во тој простор,
на недопирливи нешта.
Метафори неспоредувани.
Трудејќи се да ги пофатам
разговорите на нашите души.
Души одамна поврзани.

Колку време ти треба
за да ми помогнеш
во овој живот?

Сонот ме движеше напред.
Со отворени очи ги слушав пораките
од боговите, како слепец што ги гледа само
сликите од своите кошмари.

Го меморирам твоето лице,
вистинското.

Највистинското.

За никогаш веќе да нема потреба
да се трудам да го запомнам
во овој делириум без droги.

## ЧАРДАК

Стојам, седам загледан во ѕвездите.
Во сонцево, па пак во ѕвездите.
Ниту ден, ниту ноќ не познавам.
Го барам значењето на ѕвездите, па на сонцето.
Значењето на претскажувањето.
Затемнување.
Во темнината танцуваат ѕвездите.
Сите спијат.
Нема дожд,
само болви што рипаат од поблиската нива,
од гнојот истурен прекумерно.
Неподнослива смрдеа.
Студот уште го нема.

Потпрена глава.
Лебот исушен,
накиснува од морската сол,
стара навлажнета од времето сол.

Кучињата завиваат околу селото.

Лошо лето,
студено па врело.
Затемнување.
Му се насмевнав на небото.
Почнаа претскажувањата.
Ѕвезди.
Волкот се јави.
Се појавија знаците на видливите звезди.
Шемата беше магична.
Митолошка.
Дури и чардакот почна да крцка.
Праисторијата прозборува.

Дофатив звезда.
Беше блиску.
Ѕвезда на мојот народ?

Небесната ѕвезда ме покри.
Вавилон прозборе.
И празнината се пополни.

Соѕвездието ми исцрта точна граница
од чардакот до езерото.
Координатите беа јасни.
Таурус е бикот.
А волкот е лупус.
Гавранот е корвус.
Но што од тоа?
Кога сме многу далеку едни од други,
како ѕвезди оддалечени,
кои од далеку изгледаат блиску!
Видливоста се намали.
Иако веќе стана ден.

Чардакот се обели.

По неколку години ветерот го разнесе чардакот.
Едвај ги собрав дрвените остатоци.

Не го тажев тој мој чардак.
Чардакот остаре.
Стана безвреден.
Цената му падна.
Времето си продолжи да тече
без мојот чардак.

# АФИРМАЦИИИ

Тишината е опиплива,
четврток, жежок јули, покрај езерото.

Хоризонтот се чувствува
илјадници години од овој ист простор.

Неми гласови што одминуваат од мојата душа.

Мобилниот телефон на кафеанската маса
чека да биде отворен,
исто како и минатите години,
дали со својата интелигенција
го чувствува веќе мојот бит.

„Јас сум успешен“,
ги повторував афирмациите за својот дневник.
„Имам прекрасен нов филм“.

Смрт, да... „Но го сакам своето тело“,
се борам со мислите.
„Мир, ми стигнуваат пари.“

Сè повеќе таленти
пронајдувам во езерото
длабоко во мене.

Дали и понатака да останам луциден?
Тоа е веќе стара работа
да ги запишувам своите мисли
во тефтерите што се намножија.

Гласови се појавуваат,
се множат околу мене,
потоа и музика.

Сега имам нова мисла.

Дали ќе се случи нешто лошо?
Беше што беше
и ќе биде како што беше!

Јас можам!

Уништување,
самоуништување,
сигурност,
се прифаќам себеси.
Се повторувам.
Се молев, верував, во својот бог.
Не сум нихилист.
Туку верувам во симболите
околу мене и во мене.

Дали направив доволно?
Ги прифаќам и другите какви што се.

Благодарен сум на езерото во мене!

# НЕПОЗНАТИ ЛИЦА

Го продолжуваше животот
по еден нелогичен ред.
Во оскудни размисли бараше одговори
зошто некој не те сака.
Затоа што има проблеми со себе.

Лето е,  најтоплиот ден во годината.
Утро. Клупите полупразни.
Понекое куче ќе претрча во населбата.

Љубов не ми треба од личноста што ме отфрла.

Сонцето се вжештува.
Поминува по некоја недоветна личност.
Сè се врти околу новиот почеток.

Во ред е и доколку некој те плука попатно,
оти нему му треба нешто друго.

Не, не пишувам за љубовта,
туку за потребите да се видиме себеси.
Себе во овој миг
за егзистенцијата да
не нè совлада и да можеме да зајакнеме
бегајќи од политичките манипулатори.

Не, не пишувам за љубов, пишувам за нешто друго,
за непознатите лица што поминуваат покрај мене.

Доколку некој не нè сака има нешто што го мори,
има рана, а му треба и нова.

Лажни факти подметнуваат.

Клупата е топла.
Поминуваат разни лица.
Секој е нешто друго.
Некој вешто се прикрива
и чекори понатака.
Некој се потргнува.
Некој игнорира.
Стануваат рамнодушни.

Нѐ врзува само просторот
за кармата да не нѐ казни.

Има и такви што се поздравуваат
минувајќи по патеката опколена со трева.
Не им треба размисла, одат ли одат.
Не мислат да уништат, ниту да упропастат,
ниту се светат.

И тие заминуваат.

Не, не размислувам за љубовта,
туку за нешто друго.
Можеби за чувството на отфрленост,
оти маните тешко се откриваат.
Отфрленост. Не поради себе.
Туку поради тоа што не сме
тоа што тие сакаат.

Поминуваат и други со поинакви можности.
Непознати лица
кои сè ќе ви земат,
а не знаете како да се заштитите.
Емотивни манипулатори.

А има и такви непознати лица,
кои знаат и сакаат да дадат љубов.

Клупите се испразнија,
топлината е неподнослива.

Сè тече, сè се менува.

## ЕХО

Ги кренав ролетните,
улиците се уште празни.

Никогаш не разбрав
што сакаат жените.
Вампиризам.
Доколку мислеше дека сум опасен,
лагите беа тука.

Станот беше простран,
трите спални празни.

Малтретирање на дете,
други лажни обвинувања.

Терасата е на исток.
Ретко ја користев.
Стоев долго потпрен на оградата.
Гледав како автомобил
не може да излезе од паркингот.

Некои убиваат поради прељуба,
продолжив да размислувам.
Јас не сум криминалец.
Ловечката пушка на татко ми
беше подарена.

Црвениот ѕид сјаеше во дневната соба.

Лаги со полни срца.

Од славината капеше.
Водата одѕвонуваше во ехото.
Светилката во бањата светеше.
Влегов внатре,
се најдов наеднаш
во прамен светло.
Застанав,
го видов одразот
на својот лик во огледалото.
Изгледав лошо.
Ја отворив славината,
бликаше водата.

Чекорите го притискаа паркетот
правејќи непријатни звуци.

Звук на слетување на див гулаб од терасата.
Не бев оставил храна.
Одлетување на крилја.

Спарен ден, мисли ми навираат.

Небото беше мазно, сино.
Дивиот костен каде што се множеа комарците
допираше до прозорците.
Тревата покрај тротоарот беше изгазена.

Веќе потешко ги поднесува болките.

Седнав на терасата.
Мравки се шетаа на ѕидот трагајќи по лебот
што го бев оставил за гулабите.

Далечни звуци од сообраќај
кои јасно се наслушуваа
во ехото од градот,
живеев на вториот кат.

Сакав да бидам сигурен во новиот однос,
во таа нова врска.
Ги затворив очите.
Се појавија светлите очи на штурчето,
со израз на разбирање.
Ми зборуваше со шепот.
„Ти ми веруваш“,
го слушнав својот глас.
Таа можеше да бира мажи,
но беше пресериозна.
Без замена за шармот.

Ги претресував
трите последни денови од мојот живот.

Од другата страна на улицата
венеа полските цвеќиња.

Колку вистината е смешна, перверзна.
Има уште многу нешта да размислам
додека не испарат во ехото...
За денеска е завршено.

# РЕКА

За да живееш навистина,
треба да поминеш преку мене – рече реката,
прошепоти – преку смртта да поминеш.
За нас децата тоа значеше отворен простор,
опасен, непознат.
Спознавање на стравот, будење, кај што попладнето
спиевме цврсто.
Таква беше реката Треска, брза и ладна.

Треска да добиеш.

Стоев  на импровизираната плажа кај нивата на Михо.
Реката имаше извори тука, стоев во плиткото.
Се стопував во целината – како што реката
течеше пред мене.
Скромно седнав.
Се навалив на дрвото кај што корените
беа пуштени во водата.
Архаична, паганска религиозна слика, затоа што
широчинката беше осветлена од црвеното сонце.

Жубор.

Го свртев погледот кон „кривината“ каде
што се бањавме како деца.

Понекој рибар.

Брзаците не беа јаки како во минатото.
Се прекорив самиот. Па остарен си!

Големо светло засвети.

Веќе со години не го напуштав тоа место покрај реката,
иако „Сарај“ се промени.
Стана пренаселен.

Сетив дека се ближи крајот, па се почувствував повикан.

Облаците се намуртија.
Од дрвото еден исушен лист паѓаше забавено.

Вечно паѓаше.

Бесшумно паѓаше.

Молчев,
како кралот на тишината,
потоа го кренав прстот кон височината.
Се тргнав од сонот.
Се стресов.
Сѐ е привид, сон.

Прелета гавран со својот безличен лет.
Повторно помислив дека светот е привид.
А привидот е суштината.

Останав неколку дена покрај реката.
Месецот ме поздрави и ме прекори.

Месецот беше полн.
А, врвовите на планинскиот венец во сфумато.
Маца магистрираше тој ден.

*посветено на Маца*

# ПЕХАР

Дрвената врата се отвори,
сенките затреперија во собата.
Во оној свет портата се отвора кога се испива пехарот.

Терасата беше покриена со исушени лисја и по некоја
гранка што крцка.

Сонцето печеше низ силуетите на лудите очи.

Што се случуваше?
Сам сум си нем сведок
со пропаднати идеали.

Се спуштив по стрмните скали,
застанав пред каминот,
пепелта беше одамна изметена.

Низ широкиот прозорец се наѕираа планински врвови.
Понекој планинар што залудно го бара патот до врвот.

Облаците беа во сопствената небесна хармонија.

Мојот нов живот бараше одговори за просторот околу мене
за да можам да го вдишам пехарот,
за да се сетам и да се стопам со вечноста.
Време ли е.
Ми припаѓа ли уште убавината за која се борев.
Чудни букви беа испишани на пехарот.
Симболи од недосонуваниот сон.
Симболи раскажувани уште од баба ми:
„Бесмртноста бара жртви“.
Зајдисонцето ја прекри
небесната хармонија.

## ЛАДЕН ДОЖД

Ладен дожд се спушти како завеса.
Многу луѓе се откажаа од запад
изопачувајќи ги фантазиите и соновите.

Осакатена вистина
и лаги кои ги слушнав на својот простор.

Два брака, две деца
со  уметнички однос за фамилија.
И болот што можат да го нанесат децата.
Што се може?

Борба против тагата.
Против осаменоста.
Во името на Господ
живеј или умри.

Должност е да се живее
со психичко здравје.

Ладен дожд се спушти над градот.
Бегам од
сексуални привилегии и борба за власт.

Многу луѓе се откажаа од исток
започнувајќи ги фантазиите и соновите
во осакатената вистина и сопствените лаги.

Залепените фотографии на ѕидот пожолтуваат.
Детските слики почнуваат
да го замрзнуваат минатото.
И стравот замрзна.
Болот отрпна.

Во името на народот
осакатената вистина ја
налеа ладниот дожд.

# ЦРНАТА ПТИЦА

Патувавме.
Не остававме траги.
Слободата врескаше.
Црната птица од моите гради
успеа да излета од тешкиот кафез.
Тоа воопшто не е мајтап,
ориенталец сум.
Пустински човек,
номад што ги користи само своите нозе.

Ја слушав птицата додека шепотеше за судбината
на светот,
тоа воопшто не е мајтап
оти демонот влезе без да тропне на вратата во ателјето
каде што го работев сценариото за Црната птица.

Шепотењето на скулптурите за скриените
човечки судбини
го прикри гракањето на птицата.
Потоа вресок преку дрвото и мермерот.
Птицата беше извајана од дрво,
прекрасно скулпторско дело на мојот татко
запечатено во мојата потсвест.

Шепотот продолжи нежно:
„Моралот умира, совеста се распаѓа во барањето
на слободата!
Декаденција и завист.
Корупција како молец што го разјадува џемперот.
Евтини интелектуалци по затвори.“

Имаше ли птицата визии за сивилото наоколу?

Преживуваме патувајќи.
А таа леташе околу нас.

Скулптурите ни кажуваа дека мртвите
                                        си продолжуваат по својот пат.
Безгласно си заминуваат,
а душите од бесконечноста се враќаат преку оџаците.

Бомби од крв низ војните и револуциите.

Патуваме понатака покрај црната птица.

# МРАВКИ

Вжештена атмосфера.
Вжештен песок како еликсир.
Мравките работат со вдахновение бараќи ја вистината.
Да бидат слободни, да сакаат.

Тие и со смртта се помирија
без заматен ум.
Трчаат ко слепи по песокот
испржен од летното сонце,
брановите ги носат во Јонското Море.
Трчаат да ја избегнат смртта,
или пак одат да си ја завршат својата епска работа.

Душите им се восхитени и се проѕираат
низ тиркизната вода.

Тие вечни души.

Тие машини со добри намери кои техниката
не ги интересира.

Тие се алегорија во самото нивно битие.
Уживаат во маката,
во доброто и злото.

Тие постојат за боговите,
да им угодат и да го надополнат своето визионерство.

Тие се метафори на принцовите,
тие се симболи на свештениците.

Вжештениот песок им е еликсир по спиралата патека
тоа е нивното светилиште за да угодат на сѐ што постои.

Брановите го преплавија вжештениот песок.

## ЕДНА ЖЕНА

*На Стефи*

Една жена што ме преобрати.
На која се сеќавам.
На која ѝ кажувам браво.
Која пред многу години ја гледав.
Една жена што ја викам штурче!

Една жена
што ме подучуваше за верата и ме покрсти!
Која беше многу убава
и не даваше значење на болот,
туку на ритуалот.
Ниеден живот не е толку ропски
за да нема достоинство.

Се сеќавам на иднината,
која донесе чест и слобода.
Се сеќавам на „нанапред“
кога ми велеше:
„Ти си добар човек! Нежна душа“.

Ми подаде рака
знаејќи го минатото.

Бев гладен, таа ме нахрани,
ми ги стопли рацете.

Понекогаш се молам за нејзината душа
патувајќи во бесконечноста
и сеќавајќи се за иднината.

Една жена на која ѝ викам прегласно
за да го заборавам својот бес.

Една жена
со целата своја едноставност и сложеност.

# СКИТНИКОТ  И ЦИГАНКАТА

Чувство на слобода.
Љубовник.
Каде е среќата?
Во
минливоста?
Во крилјата на некоја жена
што лежи меѓу наредените
булки покрај белата пруга?

Нежни цветови.
Повторно поминува циганката со двете деца,
срамежливата љубов низ патувањата
солзливо се враќа.

Брзо пламенот го заситува животот на номадот.

„На посебен начин бакнуваше таа  детинеста љубов“
– рече поученото момче.
Искуство од љубовниците?
Способност за љубов?
Женска смисла за патување?

„За љубовта!“ – сега повтори витезот скитник.

Темна напнатост
со вкочанети лица.
Погледите
ги следеа птиците што облетуваа.

Атмосферата ги впиваше телата на бездомникот
и циганката додека двете деца чекаа во ладовината.
Треперлива средба
под небото кое го беа покриле облаци.

# ВИШНОВО ДРВО

Падна вишна, зрела, црвена од рајската крошна.

Ќе дава плодови,
не се колеба,
и лебот го заменува.

Но дали смеам да ги кинам сочните плодови?
Да го прекинам нивниот живот?
Да се осмелам да ја кренам раката и да скинам плод?

Мравки  шетаат по стеблото.
Коренот е длабок и стар.

Уште колку ќе дава?
Не сум пророк.
Свемирот знае ли
дека ова е рајско дрво?

Сè е конечно и
го вкусувам плодот, кој е кисел, црвен.
Берам од крошната и јадам.

Ветер дува и ја носи тревата.

Седев на тревата и ги гледав паднатите вишни.

Татко ми го посади дрвото пред години.
Корените се важни,
ги чувам.
Иако бев дете го знаев тоа.

На небото се појавија ѕвезди,
се  вознемирив,
станав,
пред моите нозе падна уште една зрела, сочна вишна,
нежно ја кренав.
Не можев да го напуштам вишновото дрво.
Во ноќта изгледаше величествено.
Како да имаше моќ над
темните сили.

Утредента  се разбудив со главата потпрена на стеблото.
Гледав долго во крошната.
Сакав тука да го испијам првото утринско кафе.

Не можев да го напуштам ова дрво.
Жилавите корени излегуваа и на површината беа мазни,
правеа форма на кревет. А лисјата беа нежен јорган.

Во далечината пееше штурче.

Појадував вишни.
Ручав вишни.
Вечерав вишни.

Се поврзав со коренот.

# ДА ТРГНЕМЕ

Ајде да стапнеме на патот,
на улиците што носат ехо во чекорите.

Да ги гледаме осветлените пенџериња.

Да го поминеме кулоарот од магла
и да седнеме во првата бавча.
И да се качиме на катот кај што се пие црвено вино.

Пушти го твојот глас, твојата насмевка, сега и тука.
Минатото не вреди ништо.

Веќе ги запознав твоите движења.
Се осмелив.
Ти ја видов светлината
низ пукнатините од прозрачност.

Ајде да тргнеме.

## ДА ТРГНЕМЕ 2

Додека го пијам шестото кафе денеска
го гледам моментот што бледнее.
Ти не го јадеш своето топло чоколадо.
Ќутиш, како да сакаш да кажеш дека си Богородица.
„Не е така“, велиш!
И ја гледаш скршената чаша на подот.
Никој не ги крева скршените стакла.
Се чека некој да се исече во вечно празниот простор,
Јас? или пак ти?

Да,  јас сум смешен, стареам и се дебелеам.

Ја нема веќе кочијата за да нè однесе во заборавот.

Го испив моето последно кафе.
За денеска.

## РАЈСКА ГРАДИНА

Сонови за мајката,
сеќавање за детството.
Ладни чувства доаѓаат од сенките
што ги прават јагулите скокајќи
над брановите патувајќи кон исток.

Бавчата е бајковита.
Низ неа шетаат мудрите очи.

Духовит сон во кој
нешто големо се придвижува.
Светот на сонот беше голем во детството.
Тој нестварен сон на слики.

Со зборот ништо не можеме да кажеме,
затоа повикавме демони!

Природа и дух.

Што е љубов?
Што е душа?
Што е заблуда?

Освета и?

Навистина не знам.

# БУДЕЊЕ

Ја допрев тајната во блискиот манастир
Св. Наум на охридскиот брег.
Тој ден беше за мене многу непријатен.
Опоменат бев,
но успеав да влезам,
да се помолам, да ги слушнам отчукувањата
на срцето на светецот
и да подишам свет воздух.
Но, се онесвестив.

Се разбудив во рацете на монаси.
„Не си посветен“, ми рече најстариот отец.
„Ќе ги видиме последиците“, продолжи.
Мислев дека е сон и мирно продолжив да спијам.
„Можеби е болен“,  продолжи гласот.
„Борба, душата му е болна. Опасни борби.“
А, јас му го гледам лицето и се исмејувам.
Воопшто не ме привлекуваше.
Бев како опиен од најубавото вино.
Сакав да тргнам, да си  заминам по тесниот пат
што водеше на врвот на планината Галичица – Магаро
и од таму  можев да ги видам двете езера.
„Жесток удар“, продолжи тивко гласот
„Како од гром удрен тој спие.
Да го ставиме во постела, лошо изгледа“.
Стариот отец се наведна, ми го слушаше срцето.
Имаше тој искуство за вакви маѓепсани грешници.
„Срцето му е здраво, ќе се разбуди, од душевна природа е.“
Јас уживав во својата леснотија, лебдев, поточно летав.
„Каква смрт“, помислив.
Глас во ехо: „Од навреди е. Останете со него
додека не оздрави.“

Се разбудив следното утро во манастирот.
Убаво се наспав, бев сам.
Ги немаше монасите.
Станав,
Се вртев напред кон врвот, па потоа назад кон езерото.
Празнина.
Од каде доаѓам?
Несвестицата и замагленоста  исчезнаа.

Одев кон водата, ја оставив планината зад себе.
Повторно детски мисли,
ги гледав круговите во водата
кои наликуваа на космички прстени.

Зборови и тишина.
Струење на ветрот.

## ЕЗЕРО И КОПНО

Насмевка.
Детски мисли,
наука и уметност.
Вода во кругови,
копно и природа,
зборови и тишина.
Јас и уметноста.

Бесконечна точка на хоризонтот.
Планински врв во свеста.
Детството ме повикува од дното на душата
за да не го заборавам.

Снага и љубов
земја и вода.
Самоопиеност.
Самотија без простување.
Ранети солзи.

Неподносливост да се поднесе тагата.
И! Бесмртното се наоѓа во мене правејќи дупки во водата.

На копното облаци од пеперуги.

## НИШТО НЕ СЕ СЛУЧУВА И НЕМА ДА СЕ СЛУЧУВА ЗАСЕКОГАШ

Крајот на ништото
изгубено во тишината
и вечното непостоење,
ѕвезди нема, ни светлина
ритам нема, ни мелодија.

Уживање во нирваната,
во самотијата, во барањето на потсвеста,
во копањето на архетипот.
За вечноста!

Камбанарија зачука,
но океаните се неми
меморија нема,
рај нема,
пекол нема.

Не бегај од мене
скрши ја оваа ништожност.
Запали ја светлината.
Но насловот е тој.
Не може да се избега.

Човек се запознава себеси дури тогаш
кога ќе му се случат одредени работи.
Сè има решение во овој живот освен смртта – продолжи.
Да,  драга, така е. Прошепотив.

Таа стана и полека ја отвори вратата
и замина одовде далеку.
Од ова дувло на рекли-казали.

Се слушаа викотници од улицата.
А потоа тишина,
ништо не се случува,
и нема да се случува засекогаш.

## ПЕСНИЧКА

Сеќавања.
Мисли рој.
Велам јас за љубовта, вели и таа за мене.
Треба чувства.
Треба нежност, треба работа, треба почит.
Утрото ме буди.
Ноќта ме спие.
Светол зрак.
Таа ме грее.

# ШТУРЧЕ

Во моето складиште
се скри штурчето.

Потсвест моја која ме освести
во нормите на моралот
ми советува да не бидам совршен,
да бидам свој.

Почната историја на самопочит.
Без отров од околината.

Личност, со исчистен ум,
без ѓубре насобрано.

Смирение мое,
монумент мој.

Кажи, Стефче.

Човек,
кој го пронајде
за да го прочисти умот.

Кон што тежнееме?
Таа е монумент, динамит.

Која е целта околу неа?
Спознавање?
Благосостојба?
Длабоко срце?
Дали потсвесното е грешно?

Со непрестана молитва – светлост се развеа!
Контакт со себе,
со личен однос кон сопствената сила
во самата себе.

Снага во душата,
аура како чипка.

Дух кој ми е предвесник
како првата ластовичка.

Систем на вредности
без потисната душа.
Разум и чувства со афекти силни
кои без гордост се излечени со љубов
и молитва!
За спасот на гностиката.

И во најдлабоките описи на моето складиште
каде што тихите патишта водат до
осветлени врвови од натприродни појави –
се спушти умот во срцето.

# СОН

Со сонот ми се јави сенка,
пробав да се сетам на призорот,
со напрегање препознав мудрец
кој бос полека одеше по патот.
Едвај дури забележав дека е многу стар.

Се напрегав додека видов како девојка со
пуштени коси оди по него.
Со фустан што наликуваше на пеперуга...
Беше убава како анима.

Се напрегав да го откријам односот помеѓу
стариот мудрец и девојката...

Барав симболи. Или пак беа фиданки на преобразбата.

Сликата не можев да ја заборавам,
ја барав драмата.
Дали девојката сакаше да му се приближи
или пак го следеше одејќи зад него.

Не бев уверен во точноста на моето сфаќање,
но силно ја доживеав сликата во сонот
и ја паметев  добро кога се разбудив.

Која  им беше целта и на двајцата?
Каде одеа?
Дали се познаваа?
Каква врска ова има со мене?
Каков сон?
Ова ли го носам во потсвеста?
Повисока свесност?
Просветлување?
Како да го разберам?

Еден кус момент на доживување може
да се врежи засекогаш.
А соновите се слики, не зборови.

Судбината на овие луѓе како да зависеше од мојот сон.
Како ќе го протолкував беше голема одговорност
за нивните судбини.
Станав свесен за оваа слика од мојот сон.

Двете фигури станаа целосно автономни
и се одделија во своја реалност.
Највероватно и тие ме сонуваа мене како
одам по некој пат.
Дали одам сам?
Слободни се да одлучат за мојата судбина.

Така одев по патишта,
да ги сретнам старецот и девојката, барем и како сенки.

Подоцна, кога бев веќе опседнат со девојката
дознав дека се вика Марија
и дека не е митолошко сениште.

А старецот уште долго остана скриен во сенката
и низ симболи и богати гестови ми се обраќаше.
Одговорен беше за својата, но и за мојата судбина.

Се трудев сенките да не останат невидливи
за во ликот на старецот конечно да се појави мојот татко,
а во ликот на девојката мојата помала ќерка.

## ПРАШАЊЕ

Каде беше?
Да. Не се вратив за појадок, одговори.
Не ми кажа зашто? прашав.

Ова е  негативна приказна,
изустив после долга пауза.

Застана пред мене, го извади сакото.

Каде беше?  Повторно прашав.
Не се враќам, рече.

Ова е негативна приказна,
која ја повторував.

Здраво, реков,
во мојата верзија која ја скрив во мојата тишина.
Го скрив тоа „здраво“.
Го закопав длабоко во себе.

Нејзината амбиција беше појака од неа. Затоа молчев.
А можеби затоа и таа молчеше.

# ПОЕЗИЈА И ПРИРОДА

Не чувствувам ништо освен што ми е тешко да постојам.
Јас сум само својата сопствена сенка во
поезијата и природата
кои во смирени страсти ми се најблиски во
мојот дом на Галичица.

Од планината го гледам хоризонтот над езерото.
Ме одвраќаат само по некои разговори
со моите стари пријатели од странство
со кои го дополнувам дневникот и
велат за напрестаната болка за општеството
во кое живеат.

Се качувам на планината.
Времето ме приближува кон почетоците.

Се раѓам по малку секој ден.

О среќен несреќнику!
Качувај се сам на врвот
низ убавините на грмушките.

Ловам пеперуги што се појавуваат одвреме-навреме
во чудесната природа.

Фантазмагорија

Звуци на летот на кралската пеперуга што ме води,
но ме мачи нејзиното ловење.

Не ме напушта тврдоглавоста,
не го можам тоа веќе што го сакам.

Драмата продолжува,
ја нема пеперугата.

Ниту пак филмот за пеперугата
што го спремам.

Дневникот мој продолжува
како што продолжува моето качување
кон врвот Магаро на планината Галичица.

Дневник во поезија, поезија и природа...

Ги барам своите спомени во пеперугата.
Бегам од самиот себе не чувствувајќи го своето постоење.

Камењата по малата патека стануваат поостри.
Езерото во далечина се отвора,
а од другата страна другото езеро.
Охрид, Преспа и пеперуги.

Патот продолжува,
се ослободувам од своето тело.
Пеперуга сум.
Станувам дух.
Слушајќи бескрајна музика.

Душата е пеперуга
и веќе нема ништо заедничко
со моето тело.

Мудрост и богатство на врвот.

Љубовта блеска во вечноста.
Зошто се потпирав на љубовта кон човекот?
Сè со свое време.

Сеќавањата се губат.
А душата стигна на врвот.
Пеперугата слета.
Ги фатив миговите од филмот „Генералот и пеперугата“.
Продолжувам да работам.
Душата се вивнува кон својот врв
и пеперугата се вивнува кон својот врв.
Телото пропадна.
Остави ли траги за да се помири со судбината?
Прашања.
Дали сме одвоени од овој свет
преку кралската пеперуга?

Смртта е новиот почеток.
Иако таа полека веќе беше сместена до мене.

Веќе ја слушам музиката од исток
кажувајќи ми дека сè е фарса
и невистина во моето патетично патување.

Сè е будалесто.
Повторно не чувствувам ништо освен
што ми е тешко да постојам.

Дневникот го продолжувам,
се одвоив од телото и конечно станав бесмртен,
но духот повторно ми се врати во телото.
Зошто мојот дух не успева да се одвои од моето тело?
Тело што треба да го заборавам на врвот на планината
на која едвај се искачив.

# МАСКА

Не е маскенбал во мојот град
но јас навлеков туѓа маска – старец  во бело
и наеднаш и кулисите се променија.

Душата ми остана млада,
но костимот ми се искина.
Јас сум триесетгодишен старец
кој лебди во белата тишина.

Дали ја играм добро мојата улога?
Дали сум добар глумец, или пак продуцент
од мојата професија?
Костимот е од филмот кој го режирам ли?
Секако костимот ја преуредува мојата младост
која ја крие од моето Скопје.
Како ме гледа мојот град, господа?
Сите ме гледате во лице.
Гледаат старец на маскенбалот.
Старец облечен во бело.
Но тоа лице е секогаш мое,
господа, да.
Идентитетот ми остана над промените.

Го гледам градот во бела магла.
Тоа моето Скопје ли е ?
Маскенбал ли е?
Или пак само јас сум пресоблечен во чуден костим?
Јас кој талкам по познатите улици уште од детството,
улици по кои се учев да одам.

Бела тишина ме чека,
тишина во која ќе позирам
прашувајќи се што да правам со оваа бесмисленост?
А правам сè за да не се сретнам себеси пред некој излог.
Ме среќава ли смртта?
Си го препознавам ли својот двојник во смртта?
Колку многу прашања.
И што сега?
Маската во бело не помага.
Го анализирам ликот во излогот на главната улица.
Видов стар лажов.
Слабостите на перцепцијата ги надоместувам
со бледи надворешни информации
што ми се чинат ремек-дела.
Повторно гледам триесетгодишен младич.

Маската во бело ја зема и судбината во своите раце.

Немаше  и никогаш немало маскенбал во мојот град.
Ја извадив маската.

## УСНИТЕ ШЕПОТАТ

*За брат ми Игор*

Потешко е да се чита.
Никој веќе не чита.
Но јас со затворени очи ги читам
твоите усни кои шепотат.
Да, на твоите усни и на твоите движења
јас читам и  разбирам.
Те мислам,
но и преку твоите слики, секако.
Те мислам, да.
Со сета твоја едноставност.
Ќе дојдеш.
Да ми се насмееш со твојата искрена и убава насмевка,
покажувајќи ги белите заби.

Ти, брате, го усвои универзумот.
Да, дојди повторно во моите сеќавања,
во нашето детство.
Оти еден е братот.

Дојди и ќе го осетиш болот.
Искрено.
Ти си над хоризонтот.
Ти знаеш што зборувам.
А јас ти ги чувствувам усните.
Шепотат.

Сонот замина брате, истрајавме.
Сите знаат сѐ и сешто, не е важен сонот веќе.

Брат ми се вика Игор.
Тој е голем уметник, велам.

И сите,
во сите негови патишта
го препознаваат неговиот искрен
и отворен  шепот.
Не можам да објаснам.
Секој ќе дојде на ред, знам.
Во ред е.
Сѐ е во ред.

Отпосле ќе си шепотиме за твојата видовитост.
Нема болка додека твориме, велиш.
Шепотат твоите усни и ги чувствувам зборовите,
иако не ги разбирам,
поточно се трудам да ги разберам.

Ти си ми брат, а еден е брат.
Да, секое доаѓање ти го најавуваше. Беше конкретен.
Многу забави во ателјето во Сарај.
Многу журки и пијанки.

Игорче!!!

Дај ни спас, ти нѐ грееш. Прости ни. Те сакаме.
Па сите сме во затвор во овој наш мал простор,
провинцијата на Европа. Како што нѐ велат.
Болка !
Секако, ќе ја издржиме.

Здраво, братче. Ме слушаш ли?
Ајде, дојди.  Осети ме.
Релаксирај се, ослободи се.
Ти гледаш сѐ,
дури и циганите на хоризонтот.

Твоите усни во шепотот се најнежни.
Кога бевме деца, ги чувствував зборовите
без да ги разберам.
А ти сакаше да ми објасниш, да разберам.
Сите ќе дознаат, верувај, универзумот ги открива тајните.
Секое гледање наше беше деликатно.
Скриена тајна во која ја кажа вистината.
Ги кажа законите на хоризонтот и целата мистика
со усни што само шепотат.

На клупа седиш секогаш сам, со твоите
соништа што ти избегаа.
Јас се враќам од работа, без поздрав продолжувам.

Сите ќе дознаат, ветувам, иако само за
уметност сме родени.

Ме боли, на клупа седиш сам, со сите соништа
кој ти избегаа,
но со радост и хумор.
Многу можам да пишувам. Но ова е минимумот
оти сите ќе дознаат. Ветувам.

Ме боли братче, ме ужаснува. Вистината е без рима.

Дај ја кулминацијата, работи.
Убавино моја.
Музиката е твојата слика.
Некој ќе ја анализира.
Адвокати и правници ќе се вмешаат во твојата
насликана слика на платно.
Сликај Игоре, непрестано за својот брат.
Сонот  замина, но секое ново доаѓање е почеток.

Уживај во ритамот на боите.

Не се давај, кулминацијата е твоја, врвот е твој.
Оти ја носиш кулминацијата
и се жртвуваше за нас како Исус.

За повисоки вредности си жртва.
О, боже, дај да веруваме во љубовта и да имаме надеж.

Ниските чувства да не нè спуштаат.
Базично е, братче,
а нема болка,
лекот е хоризонтот.
Твоите усни шепотат што зборуваш.
Што зборуваш и што чувствуваш.
А сега одиме заедно и се разбираме.
И секое излегување на клупата пред зградата
да биде во мир и тишина.

И секое седење ќе биде во мир и во ред.
Држи го шоуто.

Нема бол во сликите над хоризонтот иако дождот паѓа,
врне ли врне.

Ако де, децата плачат. А ти си дедо со насмевка.
Твојот сон се приближува.
Секое твое доаѓање е непознато
со нови остри мисли.
Музика се твоите мисли што ги слушам.
Мојата потсвест јакне, чувствува остри бои.
Бомба.

Сликај, Игоре, растурај, зборовите не се твојот јазик.
Зборовите се бајати.
Удри ритам и горе, солзи во очите.
Со твојата искреност која ја нема во етерот.
Деца седнаа на клупата до тебе.
Внуци правнуци. Сепак не е крај.

Ајде де ова е поема, релаксирај се прво!

Нема бол додека сликаш над хоризонтот.
Твоите усни шепотат.
Те разбрав кога бев дете, твојот помал брат.
И се трудев да разберам кој сум.
А секое твое доаѓање беше трик.
Со чувство на болка.
И полно со чад од цигари.

Сега додека сликаш, нема болка.
Нема болка над хоризонтот.
Твоите усни ги разбирам што шепотат.
Станав од клупата, се вртам кон улицата и сонот избега.
Но сепак секое твое појавување беше значајно.
Оти сликата раскажуваше како музика.
Слика насликана од твојата рака.

Сликите удираат ко тапани.
Твоите бои се хармонијата на звуците.
Ритамот се забрзува.
Космос!
Простор бескраен.
Игоре, не престанувај.
Екстаза со кулминација.

Ти си ист со старогрчката трагедија. .
Ооооо!
Дај, сликај, Игоре, ова не е крај.
Во тишината повторно се појави, рече: „Здраво, братче“.
Те чувствувам.

Се сфативме премногу сериозно,
како да сме бесмртни, освен ти,
исто како Сартр.

Сега нема болка кога сликаш и искуството е големо.

Усните твои шепотат,  разбирам.

Секое твое доаѓање е големо,
иако шепотиш бидејќи твоите усни кажуваат видовитост.
Сликај ги соновите кои одминаа.
А на крајот смирение
оти кој ќе ни ја раскаже уметноста.

Здраво, Игоре, уште еднаш.
Ајде, оти веќе нема болка на хоризонтот.
Твоите усни зборуваат разбирливо,
усни што шепотат за нашето детство.
За улицата Рајко Жинзифов бр. 52,
91 000 Скопје.

Секое доаѓање е ново.
Искрено, кај што само уметноста зборува.
Без да правиме дијагноза на општеството,
без да спомнеме дека е болно.

Безболни слики над хоризонтот.

Твоите усни ги разбирам што сакаат да кажат.
И да, во нив има страшен КРИК.

Детството замина, уметноста почна.
Нема крај.
Некаде прочитав дека те мразат
само тие што се полоши од тебе,
да се подобри, не би имале причина!

Здраво, брате.
Ајде. Те чувствувам.

Нема веќе бол.
Низ хоризонтот твоите усни зборуваат.
Зборуваат за нашето детство.
Не можам да ти објаснам, но ти сè разбираш.

Насликај ги своите мисли.  Да врескаат раскажувајќи.

# АНТОНИО МИТРИЌЕСКИ
(Биографски податоци)

Антонио Митриќески е роден 1961 година во Скопје. Потекнува од уметничко семејство, неговиот татко е академскиот скулптор Боро Митриќески. За време на студиите на Државната школа за театар, филм и телевизија во Лоѓ реализира кусометражни филмови и две телевизиски драми. Во селекција на Државната висока школа учествува и на повеќе меѓународни филмски фестивали: Оберхаузен, Минхен, Краков, Карлови Вери и др., каде добива специјални дипломи и награда на градот Лоѓ. Во 1991г. го реализира документарниот филм *Љубовта на Кочо Топенчаров* за кој е награден со златен медал за дебитантски филм на *Мартовскиот фестивал за документарен филм* во Белград. Во 1997 г. го реализира долгометражниот филм *Преку езерото* во македонско-полска копродукција. Филмот премиерно беше прикажана на *Филмскиот фестивал* во Монтреал, Канада, а учествува на голем број интернационални филмски фестивали. Истата година ја добива и наградата од публиката на филмскиот фестивал „Браќа Манаки“ – Битола. Во 2003г. го реализира долгометражниот игран филм *Како лош сон* во македонско - хрватско - англиска копродукција. Филмот светската премиера ја доживеа на Дваесетиседмиот монтреалски светски филмски фестивал. Беше прикажан во официјална конкуренција и доби признание од фестивалот. Од 2011 до 2016  реализира околу 30тина документарни филмови од Историјата на Македонија. Во 2014 г. го реализира долгометражниот игран филм *Деца на сонцето* во македонско – српска - копродукција. Светската премиера се одржа на 24 сепември во Лондон во официлана селекција на“ Реинденс“-филмскиот фестивал. (Raindance Film Festival).За истиот филм на Македонскиот филмски фестивал во Торонто(“MFF”) ја добива златната медаља за најдобар игран филм, и на филмскиот фестивал

во Сиднеј, Денови на Македонскиот филм ја добива наградата за најдобар режисер. Во 2015/16 г. реализира четри документарни филмови за градот Битола.Филмовите на Антонио Митрикески учествуваа на голем број филмски фестивали во Европа, Америка, Азија, Австралија и Африка. Добитник е на повеќе престижни филмски награди. Бил член (претседател) во жири на многу значајни меѓународни филмски фестивали. Исто така одржал работилници за филмската режија во Сиднеј, Белград, Лоѓ, Бари и др. Во 2012/13 г. ја извршува функцијата "претседател на УО на "Вардар филм". Во 2014/15 година е претседател на УО на здружението на филмски режисери во Македонија. Од 1988 г. работи како професор по предметот Филмска и тв. режија на Факултетот за драмски уметности – ФДУ/ УКИМ, Скопје.

**Образование**

2007 – 2010 – Универзитет „св. Кирил и Методиј", Скопје, Факултет за драмски уметности, доктор по филмска режија, ментор Јелена Лужина

1987 – 1989 – Lodz Film School, Лоѓ, Полска, магистер по филмска и ТВ режија

- Ментор Jerzy Kavwalerowicz и Feliks Falk

1982 – 1987 – Lodz Film School, Лоѓ, Полска, дипломиран режисер

- Дипломира кај Jerzy Kavwalerowicz
- Режија на игран филм изучува под менторство на Wojciech Has
- Семинар - работа со глумци кај Andrzej Wajda
- Документарен филм изучува кај Kazimierz Karabasz и Andrezej Brzozowski
- Учествува на работилница по филмска режија кај R.Polanski

1979 – 1982 –Универзитет „св. Кирил и Методиј", Скопје, Правен факултет, диплома по новинарство и мас-медиски комуникации

**Објавени учебници**

2023 – *Филмот како уметност – од снимање до премиера*
2022 – *Филмот како уметност – подготовка пред снимање*
2020 – *Филмот како уметност – од идеја до сенарио*

**Објавени книги**

2013 – *Теорија и практика на документарниот филм*
2013 – *Далечини,* (поема)
2009 – *Траги* (збирка поезија)
2006 – *Патување* (збирка поезија)

**Признанија и награди на студентите по филмска и тв режија под менторство на проф.д-р А.Митриќески**

2021 – Батухан Ибрахим, со краток филм е победник на The Gladiator Film Festival (TGFF) во Истанбул, Р.Турција.

2020 – Батухан Ибрахим, со краток филм, селектиран во натпреварувачкиот дел на 13. Leskovačkom internacionalnom festivalu filmske režije – LIFFE, во Лесковац, Р.Србија.

2020 – Лавинија Софрониевска, со дипломскиот филм учествува во официјална конкуренција на Beirut international women film festival.

2019 – Батухан Ибрахим, учествува со студентски филм на Omladinski Filmski Festival Sarajevo (OFF), во Сараево, Босна и Херцеговина; Учество во официјална конкуренција на Balkan Film Food во Подградец, Р.Албанија;

2019 – Батухан Инрахим, со студентски филм учествува на фестивалот Dream short film festival, Фестивал на краток филм, Струга, Р.С.Македонија;

2019 – Борјан Стојков, студент, освојува прва награда на пичингот во рамките на програмата „Industrija mladost“, во Загреб, на Загреб филм фестивал (наградата е постпродукција на филмот)“;

2019 – Лавинија Софрониевска, студент, ја добива највисоката награда – Гран при на Интернационалниот

студентски филмски фестивал „New Wave 2019“, во Софија, Р. Бугарија.

2019-2017 – Лидија Мојсовска, со дипломскиот филм, ја добива специјалната награда од жирито на фестивалот „Timi Short“ во Романија; Наградата од публика за најдобар социјално ангажиран филм на фестивалот „FreeZone“ во Белград, Р.Србија; Награда од публиката на фестивалот „Киносмена“ во Минска, Белорусија, 2018; Награда за најдобра приказна од младото жири и специјална награда од професионалното жири на фестивалот „SIFFCY“ во Њу Делхи, Индија; Наградата „Balkan Spirit“ на фестивалот Balkan Film Food во Подградец, Р.Албанија; Специјална награда на „Leuven International Short Film Festival“ во Белгија; Награда за најдобар филм и најдобро сценарио на New Wave International Student Festival“, во Софија, Р.Бугарија; Награда на фестивалот „Artinvita“ во Италија, 2019; Награда на интернац ионалниот филмски фестивал „Fresco“ во Ереван, Ерменија.

2018 – Батухан Ибрахим, со студентски филм учествува во официјална конкуренција на „Inshort film fest", во Канада

2017 – Тамара Котевска, со дипломскиот филм ја добива наградата за најдобар балкански филм на „Tirana International Documentary Film Festival-Docu 2017“, во Тирана, Р.Албанија.

2017 – Ана Јакимска, со дипломскиот филм е номинирана за најдобар крток филм (Golden Goblet Nomination) на „Shangahai International Film Festivl 2017“ во Кина; Најдобар краток филм на фестивалите „Mequinensa International Film fetival 2017“ во Шпанија; „FerFilm International Film Festival 2017“ во Косово; Награда за најдобар дебитантски филм на „Tirana International Film Festival 2017“ во Тирана, Р.Албанија; Најдобра режија во селекција на студентски филмови на LIFFE 2017 во Р.Србија.

2015 – Ана Јакимска, со испитен филм, ја добива наградата од публиката за најдобар филм на фестивлот KRAF 2015 во Крагуевац, Р.Србија; Студентскиот филм влегува во

официјална селекција на „Videnie International Film Festival 2015“, во Кемерово, Русија.

2015 – Тамара Котевска, со испитен филм, го освојува третото место (Bronze Award) на меѓународниот филмски фестивал International „Tilt Challenge“ Washington DC, во САД;

2015 – Тамара Котевска, со испитен филм освојува Прво место за најдобар краток филм и за најдобра камера на фестивалот UNICA Film Festival, во Санкт Петербург, Русија.

(Поткрепно со фокопирани материјали од Монографијата ФДУ 50, ФДУ: Скопје, 2019)

**Професионални активности**

1989 Професор на Факултетот за драмски уметности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, предава филмска и ТВ режија

2014 – 2015 Претседател на УО на здружението на филмски режисери во Македонија

2012 – 2013 Претседател на УО на “Вардар филм“

2012 – 2013 Член на Националната комисија за креативни индустрии

2010 Член на жири на Филмски и музички фестивал *Targowa Film Street Festival* на филмската школа во Лоѓ, Музејот на кинематографијата на Полска и филмската куќа *Семафор*

2008 Член на жири на *Синедејс*, Фестивал на европски филм, Скопје

2008 Член на жири на Фестивал на францускиот филм, Охрид

2008 Член на жири на Фестивалот на докуметарен филм *Астерфест,* Струмица

2008 Член на жири на Фестивалот на филмска камера "Браќа Манаки",Битола "(жири на студентската меѓународна програма)

2005-2013 Селектор на фестивалот *Ex YU Fest* во Црна Гора (Подгорица, Котор, Бар)

2003 Член на жири на Фестивалот на филмска камера "Браќа Манаки",Битола

2003 Член на жири на Фестивалот за филмска режија во Херцег Нови во Црна Гора

На Факултетот за драмски уметности, Универзитет „св Кирил и Методиј",Скопје

2017 – 2020 член на Универзитетскиот сенат;

2012 до денес – Шеф на катедрата за Филмска и ТВ режија

**Мастер класи/ гостин-професор**

1998 Гостин-говорник/професор на Универзитетот во Јужна Калифорнија, САД (University of South California, USA)

2017 Одржана работилница за филмска режија на *Македонски филмски фестивал,* Сиднеј, Австралија

2009 Одржана работилница за филмска режија на Фестивалот *Браќа Манаки*, Битола

2009 Одржана работилница со студенти по драматургија на *Интернационалниот фестивал за телевизиски документарни филмови* во Бар, Црна Гора.

2009 Одржана работилница за холандски краток филм, со проекции на ФДУ, Скопје

2005 Одржана работилница со проекција на филмот *Како лош сон*, на студентите по филмска режија во класата на проф. Балетиќ , Подгорица, Црна гора

**Учество на реномирани меѓународни фестивали**

- *Македонски филмски фестивал*, Сиднеј, Австралија

- Филмски фестивал *„Браќа Манаки“*-Битола, Р.С.Македонија
- *Филмски фестивал* во Лоѓ, Полска
- *Меѓународен филмски фестивал на филмската режија,* Лесковац, Р.Србија

2014 -2015 г. *Деца на сонцето* - златната медаља за најдобар игран филм и на филмскиот фестивал во Сиднеј, награда за најдобар режисер.

2003-2004г. *Како лош сон* - учествува на филмските фестивали во Сараево, Талин, Софија и на други места

2003 *Како лош сон* - светската премиера на овој филм е реализирана во времетраењето на Филмскиот фестивал во Монтреал; филмот е претставен во официјалното натпреварување и ја освојува наградата на Фестивалот

1997 *Преку езерото* – светската премиера на овој филм на Филмскиот фестивал во Монтреал

1997 *Преку езерото* - учествува во категоријата „Осврт на нашето време“ (“Reflection of Our Time”)

1997 *Преку езерото* - прикажан на филмскиот фестивал во Торонто

1997 *Преку езерото* - освојува специјална награда за хуманата тема на Филмскиот фестивал во Сараево

1997 *Преку езерото* - ја добива наградата од публиката за најдобра фотографија на филмски фестивал „Браќа Манаки“во Битола, Македонија

1997 *Преку езерото* - го отвориафилмскиот фестивал во Лоѓ , Полска,

1997 *Преку езерото* - зема учество во официјалното натпреварување на Филмскиот фестивал во Cottbus во Германија, Каиро во Египет, како и на други места

1991 *Љубовта на Кочо Топенчаров* -освојува златен медал за документарен филм на Краткометражниот филмски фестивал во Белград

1982 – 1987 Учествува на многу интернационални филмски фестивали, како тие во Оберхаузен (Oberhausen), Минхен (Munih),Краков (Krakow), Карлови Вари (Karlovi Vary)

1982 – 1987 За време на студиите на Филмското училиште во Лоѓ, Полска, неговите краткометражни филмови Ден(“A Day”) и Дуел (The Duel”) ја освојуваат специјална втора награда доделена од градот Лоѓ, Полска

## Список на филмски дела (Филмографија)

### Играни филмови

2014 *ДЕЦА НА СОНЦЕТО*
Македонско-српска копродукција, долгометражен игран филм
Сценарист: Гордан Михиќ, Антонио Митрикески
Режија: Антонио Митрикески
Музика: Влатко Стефановски, камера: Јарослав Шода(олска)
Улоги: Мето Јовановски, Владо Јовановски, Емир Хаџихафизбеговиќ, Ивана Павлаковиќ, Кире Џоревски. Мариа Митрикеска, Милица Стојанова. 90 мин.
Лондон во официлана селекција на“ Реинденс“-филмскиот фестивал.(Raindance Film Festival)
(https://www.youtube.com/watch?v=Ho-zJxu4rnM&t=18s)

2003 *КАКО ЛОШ СОН*
Македонско - хрватско - англиска копродукција, долгометражен игран филм
Сценарио: Антонио Митриќески, Дејан Дуковски
Режија: Антонио Митрикески
Авторски музика: Анастасија, камера: Јарослав Сода (Полска)
Улоги: Роберт Енглунд, Мики Манојловиќ, Искра Ветерова, Ертан Шабан. Боја, 35 мм, 95 мин.
Премиера, Монтреал филм фест, официална селекција.
(https://www.youtube.com/watch?v=uEnJSahpsn0&t=82s)

1997 *ПРЕКУ ЕЗЕРОТО*
Македонско-полска копродукција, долгометражен игран филм

Сценарист: Ташко Георгиевски, Антонио Митрикески
Режија: Антонио Митрикески
Изворна музика: Ѓорг Замфир (Франција), камера: Бартоломеј Мај (Полска)
Улоги: Никола Ристановски (македонија) Агниешка Вагнер (Полска), боја, 35 мм, 100 мин.
Награда: награда од публиката на филмскиот фестивал “Браќа Манаки” Битола, Македонија.
Во Сараево филмски фестивал доби специјална награда за човекови тема.
(https://www.youtube.com/watch?v=qiQQhFQJ2gw)

**Кратки филмови**

1991 *ЉУБОВТА НА КОЧО ТОПЕНЧАРОВ*
Сценарио и режија: Антонио Митрикески
Камера: Рафаел Марчиано, уредувана од Алексо Бонески, 35 мм, во боја, 15 мин.
Награда за златен медал во кратки филмски фестивал во Белград.
(http://antoniomitrikeski.mk/the-love-of-koco-topencarov/)

1985 *ДВОБОЈ, (POJEDINEK)*
Сценарио и режија: Антонио Митрикески
Камера: Римски Плочки и Јацек Замода, 35мм, боја, 9 мин.
Награда: Специјална втора награда од град Лоѓ, Полска.
(http://antoniomitrikeski.mk/pojedinek-the-duel/)

1987 *ЕХО*
Сценарио и режија: Антонио Митрикески
Камера: Рафаел Марчиано, Краток игран филм.
(http://antoniomitrikeski.mk/echo/)

1986 *ВРЕМЕ (CZAS ZACZYMANY)*
Сценарио и режија: Антонио Митрикески
Камера: Јарек Сода, уредувана од: Халина Усзелска, 35 мм, во боја, 10 мин.
Документарен филм за градот Лоѓ
(http://antoniomitrikeski.mk/czas-zaczymany-time/)

1985 *ДЕН (DZIEN)*
Сценарио и режија: Антонио Митрикески
Камера: Римски Плочки
Уредени од: Халина Усзелска, 35 мм, B & W, 8 мин.
Награда: Специјална награда од град Лоѓ, Полска.
(http://antoniomitrikeski.mk/dzien-a-day/)

**Телевизиски драми**

1988 ИМА ЛИ ТАМУ НЕКОЈ, (според William Saroyan)
1987 ЏАМБАЗОТ И КРЧМАРКАТА, (сценарио)

**Краткометражни документарни филмови (режија)**

2016 *БИТОЛА XX ВЕК*
*https://www.youtube.com/watch?v=XOrnDCdhr4A*

2016 *БИТОЛА XIX ВЕК*
https://www.youtube.com/watch?v=QwvmRtQBc7s

2015 *БИТОЛА XVII ВЕК*
https://www.youtube.com/watch?v=X6GVENXRbp0&t=1331s

2015 *БИТОЛА XVIII ВЕК*
*https://www.youtube.com/watch?v=_BsPi417mBM*

2013 *КИРИЛ ПРЛИЧЕВ (втор дел)*
*https://www.youtube.com/watch?v=8GRZoojqtew*

2011 *КИРИЛ ПРЛИЧЕВ (прв дел)*
*https://www.youtube.com/watch?v=8GRZoojqtew*

2012 *КРСНЕНСКО ВОСТАНИЕ*
*https://www.youtube.com/watch?v=iWouo7fx47Q*

2012 *РАЗЛОВЕЧКО ВОСТАНИЕ*
*https://www.youtube.com/watch?v=4T12AHkK90k*

**Автор и коавтор на проекти и сценарија:**

2013-2014 Косценарист на *Деца на сонцето* со Гордан Михиќ

2010 Македонско село (од циклусот рекламни филмови) Македонија вечна

2009 Сценарист на играниот филм *Траги,* драматургот Филип Давид

2009 *Стравот и љубовта,* тритмент, по книгата на Стојан Андов)

2009 *Недопирливи ѕидови*, тритмент за ТВ Серија

2009 Сценарист на играниот филм *Куклите зборуваат*, во соработка со Ева Камчевска

2006 Сценариот на играниот филм *Кирил и Методиј*, во соработка со Јордан Плевнеш

2005 Сонот, соработник на сценарио за игран филм со Аполон Гилевски

2004 Сценарист на д игран филм *Траги на патот,* драматург Филип Давид

2001 Сценарист на игран филм *Враќање дома*, во соработка со Елена Наскова и Бил Хофаман

2000-2001 Сценарист на игран филм *Како лош сон*

1998-1999 Сценарист на *Ноќ без ѕвезди*

1996-1997 Сценарист на *Преку езерото* со Ташко Геогриевски

1987- 1989 Косценарист на *Тиња* со познатиот македонски писател Петре М. Андреевски

1987- 1989 Косценарист на *Зоја* со новелистот Паскал Гилевски

## Медиумска присутност (избор)

Филмовите на македонскиот режисер А.Митрикески се емитувани на националните ТВ станици ширум светот, меѓу другите во Полска, Германија, Бугарија, Австралија, потоа на TV ARTE во Франција, Германија, и др. Како учесник

на меѓународните филмските фестивали режисерот А.Митрикески како културен амбасадор ја претставува Р.Македонија. По повод учествата на филмските фестивали се вее македонското знаме, има дадено огромен број интерјуа за странски ТВ.станици и списанија на македонски, англиски, полски и српски јазик.

За филмот *КАКО ЛОШ СОН*, од страна на голем број македонски и светски критичари е кажано дека тоа е уметнички филм, современ, кој не вовлекува во фантазијата, а всушност успева да ја рефлектира нашата реалност.Рон Холовеј, ќе запише:„Жесток филм, еден од највизуелните филмови прикажани во Монтреал, Митрикески е споредуван со Сергеј Параџанов“(Ron Holowey,Montreal Film Festival, 2003)

*ПРЕКУ ЕЗЕРОТО* е филмско остварување со индивидуален дух, за навраќањето на љубовта и паранојата кое почнува во сталинистичка Албанија во 1950 година,Неговиот предизвик, државните корупции, затворската атмосфера и насликувањето на човекот кој е незгрижен во полициската држава, како и глупавата бирократија, го става неколку скали погоре од многу други источноевропски навраќања на комунистичкиот период. Овој прв долгометражен филм на кормиларот Антонио Митрикески, роден во Македонија, а школуван во Полска, дава силно ветување. Сликата е одлично фокусирана и монтирана, и главните актери, посебно Ристановски, се добри.Непрекумерно експресионистичките ефекти на Митрикески, како и насликувањето на портрети на албанските функционери, дава мрачно расположение. VARIETY, JAN. 19-25 1998, BY Howard Feinstein

*ПРЕКУ ЕЗЕРОТО* е визуелен филм со ретка убавина,со поетска аура,. Режијата на А.Митрикески и камерта на Б. Мај комбинирано креираат прекрасен филм, еден од најлиричните оваа година., Diane Schugart , 38 тх. Thesalonik Film festival, NOV.27 1997

*ПРЕКУ ЕЗЕРОТО* е психолошки филм, кој допира до душата, ја разоткрива душата на главниот лик Констанин.

Но Константин не е само лик од  оваа филмска сторија, тој е  претставник на цел еден народ. Тоа е можеби најголемата вредност на овој филм, односно на неговиот автор кој гледа многу длабоко и далеку.Езеро“ зборува за една земја, за Македонија, за нејзината историја пред векови, за макитe што ги претрпела од Александар Македонски наваму. Овој автор со овој филм има луда храбост и сигурен сум дека ќе се разбере вистината, како што успеав јас да ја разберам. “The Globe and Mail” SEPT. 1997

Во *ПРЕКУ ЕЗЕРОТО* Митрикески е најинтересен во креирањето на визуелното и поезијата околу нарацијата. Звукот и музиката се прекрасно вообличени.И двајцата протагонисти се комплетно веродостојни како пар кои не сакаат граници во својот живот.  Pierce Handling, Toronto Film Festival, 1997

*КАКО ЛОШ СОН* на Митрикески е жесток филм, еден од највизуелните филмови прикажани во Монтреал. Антонио Митрикески  е споредуван е со  Сергеј Параџанов (Ron Holowej,новинар,САД)

*КАКО ЛОШ СОН* на Митрикески во Монтреал филмот е споредуван со фантазијата и поетиката на големиот албански писател Исмаил Кадаре (Brigitte Germain, Продуцент, EGM PRODUCTIONS)

Филмот *КАКО ЛОШ СОН* е со модерен, современ јазик, со многу силни, драмтични слики. Некои можеби ке речат дека режисерот има пристап како во „опера“. Во почетокот темпото е бавно, но како тече филмот се променува со динамични слики (Проф.Виктор Чучков, kомпозитор и пијанист, Софија Филм Фестивал)

The Guardian:" "Моќен. Поетичен филм. И да плачеш и да се смееш".

The Guardian:"  Kraftvoll.Poetisch.Schon. Zum Weinen und zum Lachen"

“Beasts of the Southern Wild meets Winter’s Bone; poetic, powerful, beautiful!” – The Guardian

A touching story of family and social relations, permeated with love, hopelessness, but also with a belief in miracles, set in contemporary Macedonia".(Maja Bogojevic, filmski kriticar R.Srbija)

## ЗА ПОЕЗИЈАТА НА АНТОНИО МИТРИЌЕСКИ

**Антонио Митриќески, втора збирка поезија.**
**Рецензија од Матеја Матевски:**

### СТИХОВИТЕ НА АНТОНИО МИТРИЌЕСКИ

Антонио Митриќески кој и е познат на македонската и меѓународната културна јавност како активен творец во областа на филмот со некулкуте свои остварувања како режисер и сценарист ( долгометражните играни филмови „ Преку езерото“ „ Како лош сон“ и други), сега му нуди на книжевниот љубопитник грст стихови пишувани во текот на 2006 и 2007 година.

Со ова „отклонување“од основната своја вокација тој ја потврдува склоноста и поривот на еден современ уметник да го искаже во повеќе творечки области и жанрови своето чувствување на светот, творечки феномен што му го оставија во наследство на светот големите уметници од минатото, особено на ренесансата. Треба веднаш да се истакне дека тоа „отклонуване“ на Антонио Митриќески е занимливо по својот инспирациски заграб и успешно по својот литературен исказ, станувајќи привлечно четиво за сензибилитетот и возбудите на современиот човек.

Поетскиот ракопис на Митриќески го сочинуваат педесетина песни и тие преставуваат една низа од чувствувана и доживувана што по сензибилитетот и по својата поетичцка структура, пред се по едноставноста на јазикот и исказот и по медитативноста на опсервацијата и се обединуваат во една поетска целина. Таа низа од песни пишувани и датирани во текот на две години во различни места на престојот (Пробистип, Драц, Корца, Скопје, Малта,

Грција, Монтреал, Велестово, Сарај, Банско) преставува еден специфичен творечки дневник во кој поетот ги пишува своите катадневни дожувувања, делницни и метафизички, од реалиите на виденото, од замисленото и мисленото, од чувствувањето и доживувањето на интимата, од опсервациите и размислувањата за филмот, уметноста и начинот на творењето.

Антонио Митриќески пишува едноставно, згуснато, читливо, нудејќи возбуди на поетското и едно своевидно поетизирано видување и доживување на светот во себе и околу себе.

март 2008,
Матеја Матевски

Овие успешни достигнувања на проф. д-р Антонио Митриќески се резултат на неговата креативност, работливост и одговорност кон професијата во која пристапува интелектуално со акумулирано филмско знаење и вештини, а истовремено со посебен усет за емпатија и работа во група, со трпение за младите идни режисери, што е едно од најважните доблести во денешното уметничко и образовно опкружување.

Декан на ФДУ-Скопје, УКИМ
Проф. м-р Бесфорт Идризи

*Антонио Митриќески*

**ПРОСТОРИ**

*

*Издавач*

ДИЈАЛОГ - СКОПЈЕ

Ул. „Борка Талески“ Бр. 26 - 7 / 43 Скопје

zdruzeniedijalog@yahoo.com

*

*Лектор*

Весна Стојчевска

*

*Компјутерска обработка*

Трајко Јаневски

*

*Печат*

РИ ГРАФИКА - СКОПЈЕ

*

Тираж: 200



**АНТОНИО МИТРИЌЕСКИ,** широко познат режисер, автор на филмовите „Преку езерото“, „Како лош сон“, „Деца на сонцето“ и еден број документарни филмови, високо оценувани и прикажувани на повеќе фестивали во Европа, Соединетите Држави, Азија, Австралија и Африка, сега ѝ се претставува на публиката со својата трета поетска книга, под наслов „Простори“. Претходно, тој ги објави книгите „Траги“ и „Патување“. Речено е дека Митриќески е поет во своите филмови, како што е секако и во поезијата, поет мисловно богат и емотивно раскошен. Својата поезија авторот ја распостила на широки простори, како што сугерира и насловот на книгата, на отворени простори, но и простори подалечни и позатемнети, во просторите на јавето, но и на сонот, на ониричните простори, трчајќи во обидот да се остави лошото зад себе, да се остави болката зад себе, простори низ кои пловат сликите од детството, меѓу кои и татковата куќа, од каде чекори со напор кон иднината, а чекорите кон иднината се поврзани со мудростите што ги дава минатото, но и со товарот што го подразбира тоа минато, со сето она искуство во него, кое многупати и не е секогаш лесно и безгрешно. На тој простор што си го задава поетот, треба да тргне во потрага со колку што е можно повеќе слобода („Ајде ослободи се збору мој“), да се види себеси, да се самозапознае, да се преиспита себеси, да ја однегува љубовта со сите возбуди и болки, да ги премине планините и врвовите и да издржи, да чекори по прашлив пат, а таму, белким „има и такви непознати лица, кои знаат и сакаат да дадат љубов“.

*(Од рецензијата)*

**Димитар Башевски**

ISBN 978-608-4842-49-1